Општинско основно училиште
„Наум Охридски“, с. Булачани-Скопје

# К О Д Е К С

**на однесување на родителите/старателите**
**во училиштето во услови на Ковид 19**

*Почитувани родители/старатели.*
*Овој кодекс има за цел да овозможи непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето во услови на Ковид 19, имајки ја предвид взаемната посветеност и грижа за здравјето и образованието на вашите деца.*

- Родителот/старателот е должен своето дете редовно и на време да го праќа во училиште;
- Родителот/старателот е должен да го почитува Протоколот за работа на училиштето во услови на Ковид 19 за учебната 2020/2021 година;
- Родителот/старателот е должен пред поаѓање на училиште да ја измери телесна температура на своето дете;
- Родителот/старателот веднаш го информира одделенскиот наставник, доколку неговото дете има покачена телесна температура над 37,4 степени;
- Родителот/старателот кој го придружува своето дете, го испраќа до означените места за застанување на минимално дозволено растојание во училишниот двор и го предава на одговорното лице пред влезот на училиштето;
- Родителот/старателот е должен во училишниот двор да одржува физичко растјание од 2 метри од другите ученици и родители;
- Родителот/старателот не влегува во просториите на училиштето;
- Родителот/старателот на дете со посебни потреби може да го придружува своето дете во училиште со задолжително носење заштитна маска и

почитување на сите пропишани правила и протоколи за движење и однесување во училиштето;

- Родителот/старателот редовно го следи процесот на учење, успехот и поведението на своето дете;
- Родителот/старателот одржува редовна комуникација со одделенскиот раководител на неговото дете;
- Родителот/старателот е должен да одговори на поканите на одделенскиот раководител за индивидуален разговор и негово итно присуство во училиштето заради констатирана потреба иницирана од здравствената состојба на неговото дете.
- Пренесувањето на информации и состаноци со наставниците се одвива преку телефон, електронска пошта или друг тип на електронска комуникација.
- Родителот/старателот треба да ги прифаќа препораките на стручната служба и да се обрати во посочените установи заради утврдување на определени состојби и правилен третман на неговото дете.
- Родителот/старателот е должен да ја почитува личноста на другите родители, ученици, наставници и други вработени во училиштето;
- Родителот/старателот ги знае правилата на однесување во училиштето и го мотивира своето дете тие правила да ги прифати и почитува.
- Родителот/старателот го советува своето дете да ги извршува своите училишни обврски и да не ги повредува правилата на воспитно – образовната работа.
- Родителот/старателот гради партнерски односи со наставниците со цел навремено, објективно и квалитетно информирање за тековните случувања во образованието и воспитанието на неговото дете.
- Секој родител/старател се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс на однесување.

ВД Директор

Даниела Димишковска